ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-190/2
04.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), и член 25 став 7 алинеа 8 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) и Одлуката за измена на Тарифникот за висината на члерината на ИОРРМ бр. 0202-323/01 од 29.10.2018 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Македонија има дадено согласност со Одлука од 07.11.2018 година, Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија бр.0202-151/09 од 02.04.2019 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Македонија има дадено согласност со Одлука од 26.07.2019 година, Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија бр. 0202-459/07 од 12.12.2019 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 07.11.2018 година, Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија бр.0202-163/3 од 23.03.2023 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 27.04.2023 година и Одлука измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија бр: 0202-367/14 од 12.07.2024 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 09.08.2024 година, Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија бр.0202-624/13 од 13.12.2024 година, на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 27.12.2024 година, Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија бр. 0202-56/6 од 28.01.2025 година, на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 28.02.2025 година Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 04.04.2025 година, донесе

# Тарифник

## за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (Пречистен текст)

### Извори на средства за финансирање

### Член 1

(1) Со овој Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластни ревизори на Република Северна Македонија, се уредуваат висината на членарината и надоместоците што ги наплаќа Институтот на овластени

ревизори на РСМ од страна на своите членови и други правни и физички лица, а се поврзани со надлежностите на Институтот на овластени ревизори на РСМ согласно Законот за ревизија.

(2) Извори на средства за финансирање на Институтот на овластени ревизори на РСМ се обезбедуваат од:

- Годишната членарина од членовите на ИОРРСМ;
- Надоместокот за обуката и за полагање на стручниот испит;
- Грантови и донации одобрени од Собранието на Институтот, освен грантови и донации од меѓународни финансиски институции и Буџетот на Република Северна Македонија за кои не е потребно одобрение од Собранието на Институтот;
- Надоместок за присуство на обука за Континуирано професионално усовршување;
- Приходи од издавачка дејност и
- Други извори на приходи, како што се издавање на потврди, спроведување на практични семинари и работилници, и друго.

**Членарина**

**Член 2**

(1) Годишната членарината за овластените ревизори изнесува 9.000,00 денари.

(2) Годишната членарината за друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци изнесува:

i. 100.000 денари - доколку вкупно остварените приходи во претходната година изнесуваат до 10.000.000,00 денари.

ii. 1% од вкупно остварените приходи во претходната година - доколку вкупно остварените приходи во претходната година изнесуваат над 10.000.000,00 денари.

(3) Субјектите од став (1) и (2) погоре се должни годишната членарина да ја уплатат најдоцна до 31 март за тековната година.

(4) По исклучок на став 2 од овој член, при престанок на работа на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец, истите се должни да платат членарина *од вкупно остварените приходи во тековната година до моментот на престанокот на вршење на дејноста,* која што изнесува како што е определено во став (2) на овој член.

**Испит за стекнување звање ревизор**

**Член 3**

(1) Надоместокот за полагање на испитот за стекнување звање ревизор изнесува 9.200,00 денари за секој дел од испитот посебно за редовно пријавување.

(2) Надоместокот за полагање на испитот за стекнување звање ревизор изнесува 12.200,00 денари за секој дел од испитот посебно за задоцнето пријавување.

(3) Надоместокот за добивање на Извештај за оценувањето и увид во испитната тетратка изнесува 3.000,00 денари за еден испит.

(4) Овие надоместоци се однесуваат на испитот што се спроведува согласно член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (‘Службен весник на РМ‘ број 188/2013 година).

**Член 3-а**

**Постапка за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство**

(1) За признавање на испитите во постапка за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство кандидатот плаќа надоместок од 100% од износот утврден како надоместок за испит согласно член 3 од овој Тарифник.

(2) Надоместокот се пресметува и се наплаќа еднократно како збирен надоместок за сите признаени испити.

(3) Рокот за плаќање на надоместокот за испитите е 30 дена од добивањето на одлуката на Управниот одбор.

**Континуирано професионално усовршување**

**Член 4**

(1) Висината на надоместокот за присуство на предавањата за Континуирано професионално усовршување, организирани од страна на ИОРРСМ, со физичко присуство, он-лајн присуство или како настан со комбинирано присуство изнесува:

а. 1.500,00 денари по лице на ден за предавање во времетраење до 4 часа.

б. 3.000,00 денари по лице на ден за предавање во времетраење кое надминува 4 часа.

(2) Надоместокот за годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани презентации, за кое што се признаваат 8 часа КПУ изнесува 8.000,00 денари.

(3) Надоместокот за следење на интерактивна КПУ едукација преку он-лајн пристап изнесува:

а. 2.100,00 денари по лице, за стандардни модули од 1 час.

б. 3.100,00 денари по лице, за актуелен модул од 1 час.

**Издавање на потврди**
**Член 5**

(1) ИОРРСМ издава потврди, како што се Потврда за членство во ИОРРСМ, Потврда за изречени дисциплински мерки и потврди за учество во комисија или орган на ИОРРСМ, како и учество во други активности како назначено лице од страна на Институтот и други потврди по доставено барање.

(2) Висината на надоместокот за издавање на потврдите од став (1) погоре изнесува 500,00 денари за правни лица (друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци) и 150,00 денари за физички лица, членови на ИОРРМ.

(3) Висината на надоместокот за издавање на потврди по барање на други правни и физички лица кои не се членови на ИОРСРМ изнесува 1.000,00 денари.

(4) Барањата за доставување потврди ги доставуваат правните, односно физичките лица за кој истите треба да се издадат, со напомена за каква потврда се работи и за која цел се издава.

Во случај на потврди за физички лица вработени кај правни лица (друштва за ревизија или овластени ревизори – трговци поединци), барањето може да го достави правното лице.

**Контрола на квалитет**

**Член 6**

(1) Проверките кои што не се предвидени во редовниот циклус за спроведување на проверки на контрола на квалитетот се вршат со одлука на Управниот одбор на ИОРРСМ.

(2) Согласно Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци, доколку субјектот на контрола, со постапката за контрола на квалитетот, добил оценка ,,потребни се значајни подобрувања,, или ,,незадоволително,, ќе биде земен за контрола со планот на контроли на квалитет за следната година, како контрола надвор од редовниот циклус.

(3) Висината на надоместокот што го плаќа субјект за спроведување на проверка на контрола на квалитет од ставот (1) и ставот (2) од овој член, изнесува 1.850,00 денари по ефективен работен час по контролор на квалитет поминат на проверката на контрола на квалитет.

(4) Трошоците за спроведување на контролата од ставот (1) паѓаат на товар на првичниот подносител на барањето за контролата.

(5) Трошоците за спроведување на контролата од ставот (2) паѓаат на товар на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец.

(6) Под првичен подносител на барањето за контрола не се сметаат Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Обука**

**Член 7**

(1) Надоместокот за учество на обука за полагање на испитот за стекнување звање ревизор изнесува:

а. 9.000,00 денари за секој предмет посебно, за предавање во времетраење од 20 часа.

б. 4.500,00 денари за секој предмет посебо, за предавање во времетраење од 10 часа.

**Публикации**

**Член 8**

(1) Надоместокот за 8-те изданија публикувани на ЦД-РОМ со следните наслови: Финансиско сметководство – учебник, Финансиско сметководство – збирка задачи, Финансиско известување – учебник, Финансиско известување – збирка задачи, Ревизија и уверување – учебник, Ревизија и уверување – збирка задачи, Напредна ревизија и уверување – учебник, и Напредна ревизија и уверување – збирка задачи, како превод на материјали издадени од BPP Learning Media, изнесува 3.200,00 денари по примерок.

(2) Надоместокот за материјал за подготовка на кандидатите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, за предметите Управувачко сметководство, Законска

регулатива, Управување со финансии и Корпоративно управување и етика, како печатен материјал во хартиена форма, изнесува 1.800,00 денари по примерок.

(7) Надоместокот за ЦД-РОМ МСФИ 2009 година, на македонски јазик изнесува 5.900,00 денари по примерок.

**Датум на стапување во сила**

**Член 9**

(1) Овој Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ (пречистен текст) стапува во сила со денот на неговото донесување на седница на Управниот одбор на ИОРРСМ.

**Претседател на ИОРРСМ**
**Ненад Тортевски**